# ИНФОРМАТОР

vitaminka.company

Бр. 35 март 2025




Во Витаминка ...

## Карванот на Витаминка едуцираше над 22 000 деца за општествените вредности

Стр. 24

# СОДРЖИНА



**Стр. 4**

**Интервју**
**Силва Цвејоска, технолог во Развој,**
**Сум се родила со љубов кон чоколадата а работата во Витаминка ми овозможи да ги правам највкусните чоколади и кремови**



**Стр. 15**

**Имплементираме интегриран пристап кон квалитетот, безбедноста и животната средина**



**Стр. 20**

**Политики и практики за родова еднаквост во Витаминка**

**Стр. 21**

**Доделени јубилејни награди за долгогодишна посветена работа**



**Стр. 24**

**2025: Чоколадото на иднината, Вегански, нутритивно збогатени и одржливи производи**

*Информатор*

*Воведник*

***Создавање вредност, зајакнување на луѓето, градење на иднина***

Витаминка, нашата приказна е повеќе од само вкусовите што ги создаваме - таа е за вредностите што ги поддржуваме, луѓето кои го поттикнуваат нашиот успех и влијанието што го правиме во заедницата. Како компанија изградена на посветеност, квалитет и грижа, препознаваме дека вистинскиот напредок доаѓа од зајакнувањето на поединците и негувањето култура на почит, инклузивност и заедничка цел.

Една од нашите најголеми предности се нашите луѓе, а меѓу нив, повеќе од 400 жени кои играат суштинска улога во секој аспект од компанијата. Преку нашата кампања „Женската сила на Витаминка", ги ставаме во центарот на вниманието нивниот глас, достигнување и професионален пат, славејќи ја силата, посветеноста и стручноста што ја внесуваат во успехот на компанијата. Нивните придонеси се одраз на нашите основни вредности - извонредност, тимска работа и интегритет - кои нè водат во сè што правиме.

Нашата посветеност на позитивни промени ја надминува работната средина и оди понатаму каде што одговорноста и свесноста може да направат вистинска и суштинска промена. Ние веруваме во општествената одговорност како камен-темелник на одржливиот успех. Затоа се посветивме на обликувањето на вредностите на идните генерации преку нашата едукативна кампања за деца од предучилишна возраст. Со оваа иницијатива допревме над 22.000 деца, учејќи ги за важноста на пријателството, почитта и толеранцијата. Со инвестирање во овие основни принципи, ние негуваме не само идни потрошувачи, туку и одговорни поединци кои ќе придонесат за подобро општество.

Во согласност со нашата визија за транспарентност, ангажман и континуирано подобрување, посебно сме горди на Информаторот на Витаминка, интерен билтен - простор каде што ги споделуваме новостите од компанијата, ги славиме достигнувањата и ја зајакнуваме нашата поврзаност како тим. Оваа платформа служи како одраз на нашите заеднички напори, место за признавање на придонесите на нашите колеги и можност да останеме информирани за иницијативите кои ја обликуваат нашата иднина.

Во Витаминка, се гордееме со вредностите што ги создаваме - не само со нашите производи, туку и со нашите луѓе, нашата заедница и наследството што го градиме заедно. Преку зајакнување, образование и општествена одговорност, ние продолжуваме да растеме, инспирираме и правиме разлика. Бидејќи успехот не е само за она што го произведуваме - туку за влијанието што го оставаме зад нас.

Добредојдовте во нашиот интерен весник, нашиот Информатор и прозорец во срцето на Витаминка.

*Интервју со ...*

## Силва Цвејоска, технолог во Развој

# Сум се родила со љубов кон чоколадата а работата во Витаминка ми овозможи да ги правам највкусните чоколади и кремови

*Што Ве привлече кон технологијата на храна и посебно во доменот на чоколадата, што за Вас значи чоколадото – професионално и лично ?*

Мојата љубов кон чоколадата и другите слатки производи, е најголемата причина која ме привлече кон професијата со која се занимавам и денес. Мајка ми сигурно би ви одговорила дека „таква сум се родила" и дека љубовта кон чоколадата датира уште од моето рано детство, кога се криев и ги јадев чоколадата што се чуваа за гости. Страста кон чоколадата не е намалена ни денес, напротив, толку се разви што со време стана моја професија.
Тоа беше пред околу 27 години кога се случи моето прво вработување и ете, баш во Витаминка, со што се исполни мојата голема желба. Како што тоа бива со игра на судбината, а на мое огромно задоволство, моето



прво работно место кое трае и до ден денес е поврзано со производството и развојот на нови типови чоколада и кремови. Витаминка е фирма со големо реноме во прехрамбената индустрија, како на нашиве простори така и пошироко во светот и тоа, не само со прекрасните и вкусни чоколадни производи кои се со врвен квалитет, туку и со огромната палета на други производи. Едни од чоколадните производи кои се со врвен квалитет, а за кои сите ние сме посебно емотивно поврзани се и морските школки „Атлантис", кои оваа година полнат 30 години од своето постоење, бидејќи со нивното усовршување се развивав и јас како технолог во областа на чоколадото.

*Кои се најголемите промени што сте ги забележале во индустријата за чоколада во последните години?*

Сé поголем број луѓе се свесни за тоа што купуваат и што јадат. Јас со моето 26 годишно искуство во производството на чоколада, и како најискусен технолог кој долго време работи со развојот на нови вкусови и нови чоколада и кремови во Витаминка, слободно можам да кажам дека, се случуваат многу промени во индустријата за чоколада, се повеќе се зборува за одржливо земјоделство, посни производи, моќни чоколадни додатоци, нутритивна рамнотежа и слично.
Се зборува за одржливо земјоделство што значи максимална транспарентност, потрошувачите мора да се уверат дека производите што ги пласираме на пазарот содржат етички произведено какао од фарми кои работат на еколошки начин. Со користење на етикети и сертификати, може да им се покаже на луѓето дека нашите производи на база на какао доаѓаат од одржливи извори.
Се почеста е категоријата посни производи така што многу потрошувачи избираат веганска и флекситарна исхрана од еколошки и здравствени причини, па затоа е од големо значење веганските чоколади да се направени од одржливи и хранливи состојки. Кога се креираат посни чоколада, треба да се фокусираме на тоа дека состојките што ги користиме не само што мора да бидат растителни, туку треба да бидеме сигурни и дека тие се одржливи и имаат висока хранлива вредност.
На предната страна на пакувањето, покрај што се наведува дека чоколадото е веганско, исто така треба да се истакнуваат и факти како што се „100% одржливо произведено какао", „без палмино масло" и „состојки од природно потекло", обезбедувајќи им на потрошувачите можност да знаат дека овие задоволства се еколошки.
Има и моќни чоколадни додатоци, иако чоколадото веќе се смета за здраво задоволство, потрошувачите сега сакаат чоколадо со хранливи состојки. Се повеќе се бара состојките да бидат не само привлечни, туку и хранливо богати, т.е. да бидат со здравствени придобивки кои вклучуваат зголемување на нивото на енергија, намалување на стресот, подобрување на когнитивната функција и зајакнување на имунитетот. Популарни додатоци на чоколадните производи се, на пример, куркумата поради нејзините антиинфламаторни својства или спирулината поради ефектот на зголемување на енергијата. И на крај нутритивна рамнотежа, односно во кондиторската индустрија во последно време се бараат кондиторски и чоколадни производи со избалансирана содржина на макронутриенти. Тоа се видови храна кои го снабдуваат телото со енергија. Овие намирници треба да се консумираат во големи количини. Трите главни макронутриенти се јаглени хидрати, протеини и масти. Според истражувањата на потрошувачите, нутритивната рамнотежа е една од најчесто спомнуваните трендови во чоколадната индустрија во последниве години.

*Какво е чувството да се работи на развој на нешто што носи радост и задоволство како чоколадото?*

Чувството да се работи на развој на производ како што е чоколадото е прекрасно. Мојата работа претставува константна игра со чоколадото, каде со овој неодолив деликатес, секојдневното осмислување, креирање, комбинирање на мирисни ноти и вкусни состојки, се создаваат прекрасни производи. Во чоколадото треба да уживаме со сите наши сетила, чоколадото тоа ни го дозволува, а кога страста ќе ја вметнеме во работата, па ќе

ја зачиниме со љубов, тогаш се добива прекрасен производ.
Развојот на нов производ е долг процес, кој почнува од идеја и осмислување на производот кој сакаме да го развиваме, припреми, проби, чести измени во комбинирањето на вкусот, дегустации и коментари во текот на истите, записи и сугестии од членовите на дегустационата комисија, следење на квалитетот на изработените проби во тек од една година и секако реакцијата на нашите потрошувачи, за конечно да дојдеме до верификација и пуштање на производот во индустриско производство. За да се заврши развојот на новиот производ поминуваат повеќе месеци, често и цела година. И кога ќе мине ова, следат нови процеси, кои водат до дистрибуција на чоколадото до нашите крајни корисници.
Верувајте дека ништо во животот не е лесно, иако делува убаво и слатко.



*Дали мислите дека чоколадото секогаш ќе биде најпопуларното слатко задоволство?*

Да, мислам дека чоколадото секогаш ќе биде најпопуларното слатко задоволство, бидејќи неговото присуство датира од древните цивилизации и тоа потекнува од Јужна Америка, каде што неговите први форми ги користеле доморотците од тоа време. Зборот што го користиме за да ги опишеме денешните омилени чоколади, во минатото претставувал сосема поинаков „производ". Најважниот и најценет дел од чоколадата отсекогаш бил процентот на какао што го содржи, а воедно е и состојка која го зголемува квалитетот на чоколадото. Повеќе какао, значи поквалитетно, но и погорчливо чоколадо. Првата популаризација на зрната какао започнала кај античките народи на Централна Америка (Маите и Ацтеките). Зрната од какао се сметале за вредна стока и се користеле како валута за размена на стоки (наместо пари), но и за медицински и ритуални цели. Имајќи го во предвид периодот на потекло на чоколадото, неговата одржливост и неговиот вкус, сметам дека потребата од чоколадо и чоколадните вкусови ќе останат како еден од најомилените десерти на сите генерации.

*Дали постои растечка побарувачка за здрави варијанти на чоколада, како без шеќер или со органски состојки?*

Да, секако. Нутритивната рамнотежа е еден од најчесто спомнуваните трендови во чоколадната индустрија. А што сакаат потрошувачите од нутритивно избалансираните чоколадни задоволства? Тоа се две важни работи, намалената содржина на шеќер или без додаден шеќер и зголемената хранлива вредност со моќни додатоци. Покрај тоа, воведувањето на здрави масти, како што се оние од јаткасти плодови (лешници, бадеми, ореви) и семки (тиква, лен) и зголемената содржина на диететски влакна кои се здрави за стомакот и помагаат во




регулирање на нивото на шеќер во крвта, се исто така многу важни за потрошувачите. Исто така, потрошувачите се повеќе бараат чоколада како што се опциите без млечни производи, без глутен, органски, посни и веган чоколада.

*Кој беше највозбудливиот проект на кој сте работеле во развојот на чоколада и кремови?*

Развојот на секој тип на чоколадо, а и кремови, е посебна и различна приказна од претходната, па со самото тоа, за мене е голема возбудата во процесот на развој на секој нов производ. Но сепак, за да одговорам на Вашето прашање, би ги издвоила четирите типа на „HAPPY" чоколадата, Дарк чоколадо со 70% какао делови, Млечно чоколадо со цели лешници 20%, Noisette млечно чоколадо и Млечно чоколадо со премиум квалитет.
Што се однесува до кремовите за мачкање би го издвоила проектот со новите шест вкусови на Луна Премиум кремови, од кои мене најомилен ми е Луна премиум со 13% фстаци, кој во овој момент е и најбараниот и најпродаван крем.

*Како ја гледате иднината на чоколадната индустрија во Македонија и пошироко со оглед на предизвиците околу одржливоста и набавката на какао?*

Производителите во чоколадната индустрија во Македонија и пошироко, во иднина но веќе и во оваа 2025 година ќе се соочат со недостаток на какао, а со тоа и голем пораст на цените на овие производи. Најмногу проблеми со недостатокот на какао и високите цени сепак имаат малите производители кои се најчувствителни на промените на цените.
Какаото е деликатно растение кое има потреба од влажна тропска клима и сенка на дождовни шуми, услови кои стануваат сѐ поретки поради глобалното затоплување. Во моментов, најмногу какао се произведува во Западна Африка, поточно во Брегот на Слоновата Коска и Гана. Покрај климата, какаото има уште еден голем проблем-болестите предизвикани од инсектите. Поради ова, годишно се губи 30 до 40 отсто од приносот. Многу од одгледувачите на какао најавуваат дека мора да уништуваат поле со какао од 100 000 хектари, бидејќи било нападнато од инсекти, а растението нема да може да се сади на тој простор во следните пет години. Бидејќи какаото е многу тешко растение за одгледување, земјоделците од Индонезија се повеќе се свртуваат кон производство на пченка и други житарки наместо какао.
Најголемите светски производители добро знаат дека мора да бараат нови патеки на развој. Големите светски производители инвестираат многу финансиски средства во истражување на какао кое ќе биде поотпорно на климатските услови и инсектите кои го напаѓаат.
Заклучокот е дека на светот моментално не му се заканува недостиг на чоколадо, или „чоколадна апокалипса" како што ја нарекуваат странските медиуми. Сепак, ризикот постои и мора да бидеме свесни за тоа.

*За почеток ...*

# Фабрички Конгрес & Гемба прошетка во Белград, Србија

На 9 и 10 декември 2024 година во Белград, Србија, се одржа 6-тиот фабрички конгрес и Гемба прошетка, врвен настан фокусиран на индустриски процеси, оперативна извонредност и Lean производство, организиран од страна на Management center Белград, Србија. На конгресот присуствуваа повеќе од 500 лидери и стручњаци од најголемите компании во регионот, кои ги разгледуваа најновите трендови во логистиката и идните технологии.
Настанот им овозможи на учесниците да се запознаат со најдобрите практики во индустриите на Балканот, потенцирајќи ги оптимизацијата на процесите, подобрувањето на безбедноста при работа, и усвојувањето на Lean методологиите. Говорниците вклучуваа фабрички менаџери, оперативен персонал и извршни директори, кои ја споделија својата експертиза во индустријата.
Витаминка учествуваше во Гемба прошетката во фабриката Grundfos во Инџија, Србија, каде нашите колеги имаа можност да ја набљудуваат работата на терен и да идентификуваат области за подобрување во процесите на производство. Конгресот се фокусираше на различни теми, вклучувајќи адаптирање на промени во производството, Lean методологии, роботиката и AI (вештачка интелигенција) и иднината на индустриските процеси, што беше инспиративно за учесниците. Витаминка учествуваше на овој значаен настан, со колегите Игор Јаковлески, шеф на производство, Фабрика 2, Гордана Тошеска, инженер во Развој и Олга Ристеска, QA Coordinator. Учеството на колегите беше проследено со размена на искуства и идеи со други професионалци за иднината на индустријата, придонесувајќи за заеднички развој на индустријата.










*За почеток ...*

# Искуството на Витаминка од примената на D365 Finance & Operations






Витаминка е една од првите компании која што го имплементира Dynamics 365 Finance & Operations софтверот со цел подобрување на работата од оперативен и финансиски аспект. Со тоа Витаминка го започна патот кон целосна дигитализација на работата, од влез на суровина до излез на готов производ и нивно складирање. Искуството на Витаминка покажа дека инвестицијата во најновите технологии е значаен придонес за подобрување на оперативната ефикасност, модернизација на операциите, унапредување на производниот процес, подобро корисничко искуство и можности за раст и следење на иновативните светски трендови.

Предизвиците пред имплементацијата се далеку поголеми од оние по имплементацијата, според Васко Наумоски, ИТ менаџер во Витаминка и одговорен за имплементација на Dynamics 365 системот. На оваа тема Наумоски ги сподели заклучоците на DUG (Dynamics User Group) Adriatic's Dynamics 365 & Power Platform Community Meetup што викендов се одржа во Скопје.

„Патувањето за имплементација на D365 Finance & Operations ја истакна големината на предизвиците со кои се соочувавме пред примената. Со започнувањето на етапната примената на овој напреден систем, од фаза во фаза ја гледавме трансформацијата на оперативноста и се запознававме со предностите што ги нуди", истакна Наумоски.

Тој ги сподели клучните научени лекции и тековните прилагодувања направени за одржување на планираните продажни перформанси на компанијата.

За почеток ...

# Дискусија за искористување на податоците за праведна миграција и мобилност на работната сила

Д-р Орде Ѓорѓиоски, директор на правни и општи работи во Витаминка, со големо задоволство зеде учество на панел дискусијата ,,Од истражување до политики: искористување на податоците за праведна миграција" што се одржа на Економскиот факултет – Скопје.
Претставници од извршната власт, професори од академската јавност, менаџери и раководители од македонски корпорации дискутираа за тоа кои се тековните трендови на миграција, какво е нивното влијание врз пазарот на труд и кои се начините за усогласување на потребите и недостатоците од квалификувана работна сила.
Ѓорѓиески во своето излагање се осврна на потребите од дополнителни економски реформи, вложување во образованието, создавање поволни услови за претприемништво, интернационални партнерства и мобилност на работната сила, со цел олеснување на регуларната миграција и размената на експертиза.
Панел дискусијата беше организирана во рамки на семинарот ,,Обликување на шеми за одржлива миграција: сознанија од проектот Партнерства за вештини за одржливи и праведни модели на миграција (SKILLS4JUSTICE)".



*Фокус на ...*

# Специјализирана обука за работодавачи



Организацијата на работодавачи на Р. Македонија на 4-5 февруари 2025 година во хотел Александар Палас спроведе специјализирана обука, која беше наменета за работодавачи и имаше за цел да им помогне да го елиминираат вознемирувањето и насилството на работните места, а воедно да ги води низ процесот на развивање на соодветни политики на ниво на претпријатие. „Насилството и вознемирувањето во светот на работата се постојан и значаен предизвик со кој се соочуваат претпријатијата ширум светот. Непрепознавањето на вознемирување, неуспехот да се спречи и да се одговори на несоодветното однесување и незаконското постапување на работните места создава недоверба ширум целата организација, индивидуално и колективно ја поткопува мотивираноста и ја попречува успешноста на претпријатието. Зголемената социјална свест и јавните дискусии за распространетоста на неприфатливите однесувања и практики, кои се во подем во последниве години, на претпријатијата им наметнуваат задолжение проактивно да се справуваат со насилството и вознемирувањето на работното место и да ги преиспитаат адекватноста и соодветноста на политиките и практиките на работното место", истакнува Верица Исајловска, администратор за Човечки ресурси во Витаминка.

Обуката низ целосната агенда на настанот, со едукација, предавања и показни вежби беше спроведена од Хелена Перез, надворешен експерт на МОТ.

*Фокус на ...*

# Тимот на Витаминка на најважниот настан во светот на човечките ресурси во Србија!

Шестиот конгрес за човечки ресурси што се одржа во Белград, Србија ги привлече директорите за човечки ресурси од целиот регион, со цел заедно да ја редефинираат улогата на човечките ресурси во современиот бизнис и да ги истражат иновациите што ја обликуваат иднината на работата. Витаминка како македонска компанија присутна на соседните пазари со локално базирани тимови преку своите претставници Орде Ѓорѓиоски, директор на Сектор за правни и општи работи, Верица Исајловска, Администратор за Човечки ресурси и Драгана Прешеска, Соработник за општи работи, придонесе во унапредувањето на човечките ресурси.

Со инспиративни дискусии, мотивирачки практични совети и можност за поврзување во индустријата, се истражуваше како човечките ресурси стануваат клучен стратешки партнер на бизнисот. Се разговараше за важноста на развивање на лидерски вештини, подобрување на процесите на вградување и создавање култури кои негуваат таленти и поттикнуваат задржување на вработените.
На конгресот посебен акцент беше ставен на примената на вештачката интелигенција во HR, автоматизацијата на процесите и употребата на аналитика на податоци за донесување попаметни одлуки. Беа отворени теми поврзани со емоционалната интелигенција, културата на тренерот и предизвиците што ги носат генерациските разлики, обезбедувајќи сеопфатен увид во алатките и стратегиите за иднината на работата.




*Фокус на ...*

# Успешна обука за зголемување на продажниот капацитет: Нови техники и стратегии за привлекување клиенти

Во февриари оваа година, во М6 образовниот центар, се одржа успешна еднодневна обука на тема „Зголемување на продажниот капацитет преку привлекување на нови клиенти“, под водство на експертот Драгиша Ристовски (D.R. Gilbert). Меѓу присутните беа Христијан Печијарески и Ангелчо Патоски, менаџери за клучни купувачи во Витаминка, кои се приклучија на овој важен настан.
Обуката им понуди на учесниците практични техники за зголемување на влијанието на пазарот, наоѓање нови клиенти, како и за подобрување на комуникацијата и продажните разговори. Преку активно учество во работилницата, учесниците се запознаа со 10 техники за привлекување клиенти и 17 правила за мрежно поврзување, што ќе им помогне да ги унапредат своите продажни вештини.



Учесниците заминаа со конкретни акциони стратегии кои ќе им помогнат да ги подобрат своите продажни вештини и да ја прошират својата мрежа на клиенти.
Овој настан беше кофинансиран од М6 Образовен Центар и Владата на Швајцарија преку проектот „Образование за вработување" – E4E@mk, спроведен од Хелветас. По успешното завршување на обуката, учесниците добија сертификати како потврда за стекнатите вештини и знаења.
Драгиша Ристовски, со своето 30-годишно искуство во лидерството, продажбата и мотивацијата, ги мотивираше учесниците и им понуди вредни алатки за подобрување на нивниот пристап кон клиентите, што ќе има директно влијание на нивните продажни резултати.




*Фокус на ...*

# Витаминка учествуваше на обука за внатрешни инспектори во Белгија

На 18ти и 19ти февруари, во Еупен, се одржа ENFIT EQI обука за внатрешни инспектори, на која учествуваа Натали Петреска, директор на контрола и Олга Ристеска, координатор за обезбедување квалитет од Витаминка. Обуката беше фокусирана на ризиците во синџирот на снабдување, улогата на транспортните единици и важноста на хигиената. Разгледани беа и ризиците од измама со храна (food fraud) и безбедноста во случај на закани кон производството на храна (food defense). Практичниот дел се одржа во сертифицираната станица за чистење, Asro Clean AG. Оваа обука е важна за подобрување на стандардите за квалитет и безбедност во производството, што е клучно за заштита на здравјето на потрошувачите.






*Актуелно кај нас...*

# Значењето на IFS Food 8 за една прехранбена индустрија



IFS Food 8 гарантира дека сите прехранбени производи кои се ставаат на пазарот се безбедни за потрошувачите. Стандардот осигурува дека производите ќе имаат стабилен квалитет, што е клучно за задоволување на потребите на потрошувачите и задржување на довербата на пазарот. Исто така, IFS Food 8 воведува структурирано управување со ризици, обезбедувајќи дека сите фази на производствениот процес, од изборот на суровини до финалното пакување, се контролирани и подложени на ригорозни инспекции.

Усогласеноста со IFS Food 8 помага на компаниите да бидат во согласност со националните и меѓународните закони и регулативи за безбедност на храната. Компаниите што се сертифицирани според IFS Food 8 го зголемуваат својот углед и конкурентност на глобалниот пазар. Потрошувачите, купувачите и партнерите се сигурни дека производите се безбедни и висококвалитетни. Ова се главните карактеристики и значењето што примената на IFS Food 8 стандардот го има за секоја прехранбена индустрија.

Целиот спектар за барањата на IFS food, version 8 стандардот беше претставен на обуката организирана од сертификационото тело AGG Србија каде предаваше Јелена Четковиќ, што се одржа на 03 и 04 март во Белград. Витаминка ја претставуваа Игор Јаковлески, Олга Ристеска, Жаклина Георгиева, Емануел Секулоски, Marigona Qerkinaj (Vitafood Kosovo).

Целите на оваа обука беа да се разберат основните принципи и барања на стандардот, применување на HACCP 2020 системот во склад со IFS Food 8, изучување на начините за подобрување на безбедноста на храната и квалитетот на производите и подготвување за сертификација по барањата на IFS Food 8.

IFS Food стандардот (International Featured Standards) е меѓународно признат стандард за безбедност на храна, што помага во намалување на ризиците за потрошувачите и обезбедува дека производите одговараат на високите стандарди на безбедност и квалитет. Во основата на IFS Food 8 е HACCP 2020, кој се фокусира на превенција и контрола на потенцијални опасности во процесот на производство на храна, како што се физички, хемиски и биолошки опасности.

*Актуелно кај нас...*

# Имплементираме интегриран пристап кон квалитетот, безбедноста и животната средина



Витаминка секогаш ја има предвид својата стратешка насока и контекстот во кој работи. Затоа, посветено и одговорно ја спроведува и постојано ја унапредува Политиката за квалитет, безбедна храна, животна средина, енергија, одржливост и здравје и безбедност при работа. Оваа политика не е само документ, туку суштинска рамка што овозможува поставување и следење на јасно дефинирани цели во различни менаџмент-системи.

Потпирајќи се на основните принципи на оваа политика Витаминка произведува квалитетни и безбедни производи, почитувајќи ја животната средина и општествената одговорност. Компанијата вложува во развој, родова еднаквост и антикорупциски политики, истовремено управувајќи со ризиците што можат да влијаат на деловниот успех и безбедноста при работа.

Преку долгорочни партнерства со добавувачите и примена на енергетски ефикасни решенија, Витаминка обезбедува одржлив раст. Безбедноста на вработените е приоритет, а редовната обука и модернизацијата на работните услови создаваат позитивна работна средина.

Следејќи ги највисоките стандарди и законски регулативи, компанијата постојано се подобрува, градејќи иднина заснована на квалитет, одговорност и иновации.

За да ги реализира овие принципи, Витаминка доследно ги применува и унапредува системите за управување со квалитет, животна средина, енергија, одржливост и безбедност при работа. Овие системи се усогласени со меѓународните стандарди ISO 9001, ISO 14001, ISO 22000, ISO 45001, ISO 50001, IFS, HALAL, Rainforest Alliance, RSPO, VEGAN, како и со принципите на Codex Alimentarius на СЗО и ФАО.

Компанијата ги почитува сите релевантни законски прописи и негува култура на безбедна храна, со што ја потврдува својата посветеност кон квалитетот, одржливоста и општествената одговорност.

*Актуелно кај нас...*

# Работничките интереси на европско ниво: Присуство на Македонија на Конгресот на EFFAT

EFFAT (Европска федерација на синдикати за храна, земјоделство и туризам) е важна синдикална организација која ги застапува интересите на работниците во овие индустрии, вклучувајќи ги и домашните работници. Како европска синдикална федерација која обединува 116 национални синдикати од 27 земји во Европа, EFFAT ја претставува работничката сила која брои повеќе од 25 милиони работници. Таа активно се бори за правата на работниците и ги претставува пред европските институции, европските здруженија на работодавачи, како и пред интернационалните компании.


Женската сила на ВИТАМИНКА
Симона Симоновска
Шеф на маркетинг
Симбол за посветеност, амбициозност; активна 24/7, будно ги следи состојбите на сите социјални мрежи и е клучна за видливоста на Витаминка пред јавноста.


Женската сила на ВИТАМИНКА
Паце Кафеџиоска
Работник на пакување
Со најголем стаж во фабриката од цели 38 години! Нејзиниот труд и истрајност се еден од темелите на Витаминка!


Женската сила на ВИТАМИНКА
Славица Катушева
Работник на пакување
Највозрасната жена вработена во Витаминка и нашата гордост! Годините поминати во создавање квалитет и традиција се вистинска инспирација за сите нас!


Женската сила на ВИТАМИНКА
Ана Ѓудиќ
Мерчендајзер
Најмладата жена во Витаминка со енергичен дух кој е „заразен“ за целиот тим! Нејзината посветеност и желба за успех се доказ дека иднината е во сигурни раце.


Женската сила на ВИТАМИНКА
Искра Хаџи Спироска
Шеф на производствен погон
Со само 26 години е најмладата жена – шеф на производствен погон! Искра е доказ дека амбицијата и вредното работење секогаш носат прогрес.


Женската сила на ВИТАМИНКА
Лидија Каранфилоска
Директор на Технички сектор
Пример за одлучност, професионалност и инспирација, покажувајќи дека успехот доаѓа со труд, знаење и посветеност. Под нејзино водство, Витаминка продолжува да расте и да создава врвни производи.


Женската сила на ВИТАМИНКА
Олга Ристеска
Координатор на обезбедување квалитет
Жена со најголем хиерархиски напредок по работни места во Витаминка.
И посакуваме да оди уште многу скалила погоре!


Женската сила на ВИТАМИНКА
Анкица Наумоска
Магационер
Со нејзините 48 години, нејзината посветеност, сноодливост и професионализам се пример дека силата не се мери во мускули, туку во решителноста и вештините!


Женската сила на ВИТАМИНКА
Душица Неделкоска
Маркетинг и ПР координатор
Единствената жена, доктор на науки во Витаминка. Со незапирлива волја ги освојува секојдневните предизвици!

## Женската сила на Витаминка

### Ана Кироваков

Шеф на производствен погон



Жена која не знае за граници – ниту во работата, ниту во природата! Таа има освоено многу врвови, но најголемиот врв што го освојува секој ден е оној на своето работно место!

## Женската сила на Витаминка

### Слаѓана Трајкоска Николовски

Шеф на набавки



Жена која мајсторски ги испреплетува работните обврски со своето хоби! Вистинска уметница во занаетчиството и вистинска мотивација за сите во Витаминка!

## Женската сила на Витаминка

### Силва Цвејоска

Технолог за развој со стаж од 26 години



Главниот „виновник" за развојот на најубавото чоколадо и највкусниот крем што ги сакаат генерации. Нејзината стручност, посветеност и страст за иновации ја прават непроценлив дел од нашиот тим.

## Женската сила на Витаминка

### Олгица Стефанова

Технички секретар фабрика 3 - Брилијант



Симбол на навременост, точност и брзина организираност, овозможувајќи сè да функционира беспрекорно. Нејзината посветеност и енергија се столбот на секојдневното работење и пример за сите!

## Женската сила на Витаминка

### Билјана Ристеска

Шеф на контрола на квалитет



Како поранешна ракометарка и активен спортист, не прави компромиси – ниту во односот на личната физичка подготвеност, ниту во односот на квалитетот на нашите производи – нешто што ја прави непроценлив дел од нашиот тим!

## Женската сила на Витаминка

### Милена Наумоска

Управник на работна единица



Вистински борец – жена која никогаш не се откажува и секогаш оди напред со одлучност и сила.

Нејзината посветеност, истрајност и енергичност се двигател на тимот!

## Женската сила на Витаминка

### Катерина Најдоска

Помошник кувар



Нејзината посветеност, топлина и труд се чувствуваат во секој оброк што го подготвува за нашите вработени!

## Женската сила на Витаминка

### Кети Маѓерова

Продавач во фабричка продавница



Вистинска амбасадорка на нашите производи! Позната по својот постојан и директен контакт со потрошувачите. Нејзината љубезност и професионалност е исклучително важен дел од искуството на нашите купувачи!

## Женската сила на Витаминка

### Каролина Димитријоска

Работник на пакување



Пример за тоа како позитивниот став може да влијае на целокупната атмосфера во тимот. Нејзината способност да ги подигне духот на колегите ни претставува непроценливо богатство!


Женската сила на ВИТАМИНКА
Наташа Стојковска
Директор на сектор за набавки и логистика


Женската сила на ВИТАМИНКА
Ангела Тоневска
Шеф во развој


Женската сила на ВИТАМИНКА
Гордана Анѓелеска
Работник на пакување


Женската сила на ВИТАМИНКА
Ане Ефремова
Работник на пакување


Женската сила на ВИТАМИНКА
Светлана Божикова
Работник на пакување


Женската сила на ВИТАМИНКА
Гордана Абрашевска
Работник на пакување


Женската сила на ВИТАМИНКА
Емилија Тимова
Хигиеничар во производствен погон


Женската сила на ВИТАМИНКА
Верица Исајловска
Администратор за човечки ресурси


Женската сила на ВИТАМИНКА
Соња Каранфилов
Архивар


Женската сила на ВИТАМИНКА
Билјана Мијајлеска
Водач на машини во производство
Билјана докажува дека трудот и посветеноста секогаш носат резултати. Нејзината способност за учење и адаптација ја прави вистинска инспирација за сите!


Женската сила на ВИТАМИНКА
Љубица Дамеска Крстеска
Работник на пакување
БЛАГОДАРНИЦА
Станува збор за жена која поминала трнлив пат во животот, но останала силна, истрајна и непоколеблива. Вистинска жена борец! Нејзината храброст и упорност се инспирација за сите нас во Витаминка!


Женската сила на ВИТАМИНКА
Мирослава Смоквоска
Шеф на производствен погон
Меѓу вработените е позната по својот мирен и тивок дух. Мирослава докажува дека лидерството не мора да биде гласно – нејзината поддршка, трпеливост и стабилност создаваат силен и успешен тим!


Женската сила на ВИТАМИНКА
Татјана Иваноска
Шеф на набавки
Симбол на смиреност и позитивна енергија, секогаш насмеана и подготвена да помогне. Филмовите и се страст, а кога станува збор за детски книги, секогаш има одличен совет за читање.


Женската сила на ВИТАМИНКА
Наташа Пајмакоска
Шеф на платен промет во земјата
Секогаш кога треба да се изврши некое плаќање, знаеме на кого да се обратиме – нашата Нате! Со еден поглед, работата е брзо и ефикасно завршена.


Женската сила на ВИТАМИНКА
Виолета Владимировска
Трговски патник за Скопје
Со нејзиниот позитивен дух и топла насмевка ги отвора вратите пред себе. Професионалец во својата работа, истрајноста и е јака страна.


Женската сила на ВИТАМИНКА
Душица Ристовска
Трговски патник
Долгогодишен и вреден работник во Витаминка


Женската сила на ВИТАМИНКА
Маја Ефремова
Највозрасна жена Трговски патник во Скопје
Симбол на посветеност, прецизност и точност.

EFFAT е член и на ЕТОС, најголемата синдикална организација која ги претставува работниците на европско ниво со седиште во Белгија и на Европската регионална организација на IUF (Меѓународен сојуз на здруженија на индустриски и сојузнички работници), која е глобална синдикална федерација со членови во различни индустрии, кои се посветени на преработката на храна, а седиштето се наоѓа во Швајцарија.
Од 26ти до 28ми ноември 2024 година, во Валенсија, Шпанија, се одржа 6-тиот Конгрес на EFFAT, на кој учествуваа делегати од сите членки на организацијата. Македонија беше претставена од шест члена, двајца од синдикатите АГРО и СУТКОЗ. Конгресот е највисок орган на EFFAT, на кој се избираат најважните функции и органи кои ќе работат во следните пет години. На овој Конгрес беше избран новиот генерален секретар на EFFAT, Енрико Сомаглија од Италија, кој ќе ја извршува функцијата во следните пет години, што претставува ново поглавје за организацијата во борбата за правата на работниците.
Конгресот се одржа во Валенсија. Од АГРО синдикат, кој е полноправен член во EFFAT, на Конгресот присуствуваа три делегати: Игор Китаноски од Агро синдикат, Горан Николоски, главен синдикален претставник на Витаминка и Гоце Митрески, главен синдикален претставник на Империјал Тобако - Тутунски комбинат - Скопје.
Конгресот ја посвети својата работа на заштитата на правата на работниците и на континуираниот развој на организацијата, што е од витално значење за работничката класа во Европа.







*Издвојуваме ...*

# “Food Ingredients“ 2024 Франкфурт, Германија



Индустријата за прехранбени состојки игра клучна улога во обликувањето на глобалните кулинарски трендови и потрошувачките преференции. Како еден од најочекуваните настани за професионалците од областа на храната, саемот за прехранбени состојки во Франкфурт 2024 нуди неспоредлива можност за истражување на најновите иновации, трендовите во подем и одржливите решенија во оваа област.

Интернационалниот саем за суровини, состојки кои се наменети за користење во прехранбена индустрија, „Food Ingredients“ 2024, во Франкфурт се одржа во периодот од 19.11 до 21.11.2024 година.

Преку анализа на изложените производи и трендови, саемот нуди сеопфатен впечаток за тоа како се развива пејзажот на прехранбените состојки во одговор на побарувачката на пазарот и предизвиците за одржливост.
Од Витаминка присутни на овој саем беа колегите Милена Наумоска, управник на Инстант производи и бонбони, Гордана Симоноска, шеф во Набавка и Елена Ѓореска шеф на Р.Е. Чоколада и кремови.

За време на трите дена од саемот колегите ги посетеја штандовите и производителите кои се корисни за развој на нови производи и подобрување на нашите постоечки производи. Одржани беа состаноци со многу фирми и остварени се многу контакти со многу нови потенцијални добавувачи кои нудат интересни состојки.

*Издвојуваме ...*

# Повторно пред светската јавност на саемот ISM во Германија

Витаминка и оваа година ги претстави своите производи на саемот ISM 2025 во Кёлн, Германија, кој се одржа од 2 до 5 февруари. Целосниот асортиман од слатката програма на Витаминка, кондиторски производи, солени и крцкави закуски беа изложени на најголемиот саем кој претставува центар на иновациите и најновите трендови во кондиторската индустрија.

„Тука се презентираат нови трендови, иновативни производи и перспективи пред најголемите компании од секторот од голем број држави, почнувајќи од Германија и нејзините соседни земји, до Гана и Индонезија, преку Австралија и Костарика. Витаминка е редовен изложувач на ISM и во досегашното искуство сме се увериле во придобивките и реалните резултати. Нашето учество на овој саем има исклучително значење, бидејќи го претставуваме и промовираме македонското производство и воспоставуваме нови бизнис соработки", вели Илија Наумоски, помошник оперативен директор на Витаминка.

На саемот беа присутни и претставници од секторите на Витаминка, Извоз, Производство и Развој.

Пред халите за влез, хостеси делеа флаери и познатиот Стоби флипс, со што учесниците и посетителите имаа можност да се запознаат со производите на компанијата и да го дегустираат уникатниот флипс.

Витаминка е една од 1500-те компании од 70 држави кои учествуваа на саемот ISM 2025. Со учеството на овој саем се отвора можност за запознавање со најголемите технолошки иновации и трендови во кондиторската индустрија, со главен фокус врз потребите на потрошувачите и стимулирање на компаниите за проширување на својот спектар со нови и иновативни производи што ќе одговорат на барањата на консументите.









*Во Витаминка ...*

# Менталната благосостојба на работното место

Фактот што во последно време менталната благосостојба е многу поважна од физичката благосостојба на работното место ја одразува зголемената свест за критичната улога што менталното здравје ја игра во перформансите на вработените, задоволството и севкупната динамика на работното место. Менталната и физичката благосостојба се испреплетени и суштински за холистички пристап кон здравјето на вработените.




**Зошто менталната благосостојба доби зголемено внимание и важност?**

**1. Зголемена свест и дестигматизација** - Иницијативите како Светскиот ден на менталното здравје и месецот на свеста за менталното здравје ја зголемија свеста и ја намалија стигмата поврзана со проблемите со менталното здравје. Повеќе организации поттикнуваат средини каде што вработените се чувствуваат удобно отворено да разговараат за нивните предизвици за менталното здравје без страв од осуда или одмазда.




**2. Влијание врз продуктивноста и перформансите** - Вработените кои се соочуваат со проблеми со менталното здравје како што се стрес, анксиозност или депресија имаат поголема веројатност да имаат намалена продуктивност, зголемено отсуство од работа и пониски работни перформанси. Доброто ментално здравје им овозможува на вработените подобро да се фокусираат, да донесуваат поефективни одлуки и да одржуваат повисоки нивоа на креативност и способности за решавање проблеми.

**3. Задржување на вработените и нивно задоволство** - Поддршката на средина која дава приоритет на менталната благосостојба придонесува за поголемо задоволство и морал од работата. Вработените се чувствуваат ценети и поверојатно е да останат во компанијата.

**4. Здравствени трошоци и отсуство од работа** - Проблемите со менталното здравје може да доведат до значителни трошоци за здравствена заштита. Проактивното решавање на менталното здравје може да помогне да се намалат овие трошоци. Вработените кои се физички присутни, но ако ментално не се добри, може негативно да влијаат на ефикасноста и ефективноста на работното место.

**5. Создавање позитивна работна култура** - Нагласувањето на менталната благосостојба поттикнува култура на емпатија, поддршка и отвореност, што може да ја подобри динамиката на тимот и севкупната атмосфера на работното место. Промовирањето на менталното здравје помага да се намали стигмата поврзана со проблеми со менталното здравје, охрабрувајќи ги вработените да бараат помош без страв од осуда.

**6. Правни и етички размислувања** - Многу земји имаат регулативи и упатства кои бараат од работодавците да се занимаваат со менталното здравје на работното место.

**Иницијативи за промовирање на менталната благосостојба**



- **Обуки за ментално здравје:** Обезбедување обука за менаџерите и вработените за свесност за менталното здравје и стратегии за справување.
- **Програми за помош на вработените:** Услуги кои обезбедуваат доверливо советување и поддршка.
- **Флексибилни работни аранжмани:** Овозможување флексибилни распореди и опции за "далечинско" работење за да се намали стресот и да се подобри рамнотежата помеѓу работата и животот.
- **Велнес програми:** Спроведување програми кои промовираат физичка активност, здрава исхрана и практики на внимателност.
- **Отворена комуникација:** Поттикнување на отворени дискусии за менталното здравје и обезбедување ресурси за вработените да пристапат до помош.

***„Менталното здравје не е дестинација, туку процес. Важно е како возите, а не каде одите".***

*Во Витаминка ...*

# Политики и практики за родова еднаквост во Витаминка

Витаминка е целосно посветена на промовирање на родова еднаквост на работното место и обезбедување секој вработен да се третира со почит, правичност и достоинство, без оглед на родот. Ја препознаваме важноста од создавање инклузивна работна средина која ја вреднува различноста и промовира еднакви можности за сите.

**Посветеноста на Витаминка на родовата еднаквост се рефлектира во следните клучни принципи:**



**1. Еднакви можности**
Обезбедуваме сите вработени, без разлика на родот, да имаат еднаков пристап до можностите за вработување, унапредувања, обуки и развојни програми. Нашите практики за регрутирање, задржување и унапредување се дизајнирани да обезбедат правичност и да ја елиминираат родовата пристрасност.

**2. Еднакви плати**
Посветени сме на затворање на сите родови разлики во платите. Обезбедуваме вработените кои вршат иста или еквивалентна работа да бидат подеднакво платени, без разлика на родот.

**3. Безбедност и почит на работното место**
Обезбедуваме безбедна и со почит работна средина без вознемирување, дискриминација и насилство. Имаме политика на нулта толеранција кон каква било форма на родово засновано насилство или вознемирување, без разлика дали е физичко, вербално или емоционално. Сите вработени имаат право доверливо да пријават вакви инциденти и ќе бидат преземени соодветни активности.

**4. Рамнотежа на работата, семејството и животот**
Ја препознаваме важноста на рамнотежата помеѓу работата и животот и ги поддржуваме политиките кои им овозможуваат на сите вработени да управуваат со своите професионални и лични одговорности. Охрабруваме флексибилност во работното време и обезбедуваме родителско отсуство за да се осигураме дека и мажите и жените можат да балансираат помеѓу работата и семејниот живот.

**5. Тековно образование и свест**
Обезбедуваме редовни програми за обука и подигање на свеста за родовата еднаквост, несвесната пристрасност и инклузивно однесување. Оваа обука е задолжителна за сите вработени, осигурувајќи дека сите ја разбираат важноста на родовата еднаквост и како да придонесат за поинклузивно работно место.

**6. Лидерство и одговорност**
Посветени сме на промовирање на родовата еднаквост на сите нивоа на организацијата. Топ менаџментот е одговорен за поттикнување иницијативи и обезбедува дека родовата еднаквост останува приоритет во стратешките одлуки на компанијата.

Ние веруваме дека различното и инклузивно работно место е од корист за сите, и посветени сме на континуирано подобрување на нашите практики за да се осигураме дека родовата еднаквост не е само политика, туку и реалност за секој вработен.
Витаминка е посветена на создавање средина каде што секој, без разлика на родот, ќе може да напредува, да дава сè од себе и да биде препознаен за своите способности и достигнувања.

*Во Витаминка ...*

# Доделени јубилејни награди за долгогодишна посветена работа

Оваа година, Витаминка повторно додели јубилејни награди на вработените за нивната долгогодишна и посветена работа. Наградените за својот 15-годишен и 25-годишен работен стаж се истакнале со својот професионален однос кон работата и колегите. На овој начин, компанијата им се заблагодарува за нивната лојалност и посветеност, истовремено инвестирајќи во нивниот професионален развој и иднината во компанијата. Награди и благодарници беа доделени и на вработени кои заминаа во пензија.
Наградите ги доделија Претседателот на одборот на директори, Симон Наумоски и Наташа Стојковска, директор на сектор Набавка и Логистика, како и Орде Ѓорѓиоски директор на Сектор за правни и општи работи и Верица Исајловска, Администратор за Човечки ресурси.
Витаминка им честиташе на наградените и им посака многу здравје и успех во иднина.























*Во Витаминка ...*

# Витаминка овозможи бесплатни прегледи за вработените мажи во компанијата

Во насока на проширување на грижата за вработените Витаминка организира бесплатни специјалистички прегледи за околу 300 мажи вработени во компанијата. Станува збор за прегледи на доброволна основа кои веќе се спроведуваат од почетокот на декември а ќе траат до крајот на март оваа година. Прегледите кои се изведуваат во приватна здравствена установа во Прилеп, вклучуваат ехо на абдомен (бубрези, црн дроб, простата, жолчно кесе, панкреас, слезина, абдоминална аорта).

Со спроведување на ваквиот вид прегледи, компанијата покажува грижа за здравјето и добросостојбата на мажите од сите возрасти вработени во компанијата и поттикнува самосвесност за потребата од редовни прегледи. Оваа активност е уште една од низата практики за заштита и унапредување на безбедноста и здравјето во работењето.

Искуствата покажуваат дека кога компанијата дава приоритет на здравјето, безбедноста и благосостојбата на вработените, бенефит има самата компанија, но многу поважен е бенефитот за вработените. На овој начин кај вработените се поттикнува свесност за грижа за сопственото здравјето и се создава култура на редовни прегледи. Грижата за вработените не треба да се сведува само на унапредување на нивниот придонес за компанијата, туку и за нив самите. Ние во Витаминка ставаме приоритет на здравјето на сите наши вработени со цел да создадеме здрава и продуктивна работна средина и да ги поттикнеме вработените да вршат редовни здравствени прегледи.

Витаминка континуирано се грижи за здравјето и добросостојбата на своите вработени со редовно организирање на разни специјалистички прегледи, кои неретко се спроведуваат и во самата компанија. Прегледите за рак на дојка се организираат два пати годишно, ехо-прегледи на дојка и тироидна жлезда, анализа на витаминско-минерален статус за вработените а сега и специјалисти прегледи за мажи.

*Трендови ...*

# 2025: Чоколадото на иднината - Вегански, нутритивно збогатени и одржливи производи

Годината 2025 носи нови, возбудливи трендови во светот на чоколадото, кои ќе ги обликуваат изборите на потрошувачите и ќе создадат нови можности за производителите. Трендовите што ја движат индустријата се фокусирани на одржливост, нутритивна рамнотежа, растителна основа и моќни состојки, кои ќе ја дефинираат иднината на чоколадото.
Секаде во светот, климатските промени имаат сè поголемо влијание врз земјоделството, а индустријата за храна и пијалаци е еден од главните виновници. Потрошувачите бараат чоколадни производи кои потекнуваат од одржливи и еколошки фарми. Сертификатите и транспарентноста за потеклото на какаото ќе бидат клучни за изградба на доверба и автентичност.
Веганската исхрана е тренд што оди во нагорна линија, а чоколадата со растителни состојки станува се попопуларна со зголемена побарувачка за истата. Еден пример за успешен продукт во оваа категорија е белгискиот бренд „Neuhaus“, кој нуди вегански чоколадни бонбони со различни вкусови, како ѓумбир и карамел.
Трендот во 2025 година е проширување на понудата на чоколади од растително потекло со експериментирање со различни состојки како овес, ориз, кокос и јаткасти плодови. Овие состојки се здрави и вкусни, а потрошувачите ги сакаат заради нивната еколошка корист и нутритивната вредност. Чоколадото збогатено со здрави состојки, како што се јаткасти плодови, овошје и печурки, ќе стане многу популарно. За производителите, ова значи можност да создадат чоколадни производи кои не само што имаат добар вкус, туку и носат здравствени придобивки, што е атрактивно за современите потрошувачи кои се свесни за своето здравје.
Еден од најголемите трендови во 2025 година ќе биде нутритивната рамнотежа во чоколадото. Трендот се фокусира на намалена содржина на шеќер и зголемена нутритивна вредност преку моќни состојки, како и вклучување на здрави масти и влакна, како што се јаткасти плодови и семиња, кои придонесуваат за здравјето на срцето и цревата.
Одржливото земјоделство, растителната основа, моќните состојки и нутритивната рамнотежа се клучните трендови кои ќе ги обликуваат производите и ќе ги задоволат барањата на модерните потрошувачи.

*Вложуваме во образование...*

# Карванот на Витаминка едуцираше над 22 000 деца за општествените вредности

Во насока на проширување на грижата за вработените Витаминка организира бесплатни специјалистички прегледи за околу 300 мажи вработени во компанијата. Станува збор за прегледи на доброволна основа кои веќе се спроведуваат од почетокот на декември а ќе траат до крајот на март оваа година. Прегледите кои се изведуваат во приватна здравствена установа во Прилеп, вклучуваат ехо на абдомен (бубрези, црн дроб, простата, жолчно кесе, панкреас, слезина, абдоминална аорта).
Со спроведување на ваквиот вид прегледи, компанијата покажува грижа за здравјето и добросостојбата на мажите од сите возрасти вработени во компанијата и поттикнува самосвесност за потребата од редовни

прегледи. Оваа активност е уште една од низата практики за заштита и унапредување на безбедноста и здравјето во работењето.
Искуствата покажуваат дека кога компанијата дава приоритет на здравјето, безбедноста и благосостојбата на вработените, бенефит има самата компанија, но многу поважен е бенефитот за вработените. На овој начин кај вработените се поттикнува свесност за грижа за сопственото здравје и се создава култура на редовни прегледи. Грижата за вработените не треба да се сведува само на унапредување на нивниот придонес за компанијата, туку и за нив самите. Ние во Витаминка ставаме приоритет на здравјето на сите наши вработени со цел да создадеме здрава и продуктивна работна средина и да ги поттикнеме вработените да вршат редовни здравствени прегледи.
Витаминка континуирано се грижи за здравјето и добросостојбата на своите вработени со редовно организирање на разни специјалистички прегледи, кои неретко се спроведуваат и во самата компанија. Прегледите за рак на дојка се организираат два пати годишно, ехо-прегледи на дојка и тироидна жлезда, анализа на витаминско-минерален статус за вработените а сега и специјалисти прегледи за мажи.











*Вложуваме во образование ...*

# Со задоволство ги пречекавме дечињата од повеќе градови

Просториите на Витаминка секогаш се исполнети со радост кога најголемите обожаватели доаѓаат во посета. Дечињата од различни градинки и училишта имаа прилика да ја посетат компанијата и да се запознаат со процесот на производство и пакување на нивните омилени продукти.

Меѓу учениците кои ја посетија компанијата беа дечињата од градинката „Наша Иднина“, како и ученици од ОУ „Кочо Рацин“ од Скопје, ООУ „Тоде Хаџи Тефов“ и „Страшо Пинџур“ од Кавадарци, ОУ „Пецо Даскало“ од село Долнени, ОУ „Орде Чопела“ од Прилеп и ОУ „Гоце Делчев“ од Прилеп. Дечињата со големо внимание и љубопитност го следеа производствениот процес на безбременскиот Стоби флипс. Посетата им овозможи да се запознаат со работата на компанијата, како и да се забавуваат во процесот на создавање на нивниот омилен производ.

Како една од најстарите и најголемите компании, Витаминка го буди интересот кај сите возрасти, но најмногу кај младите, бидејќи тука се произведуваат нивните омилени слатки и солени задоволства. За децата и учениците, оваа посета беше многу повеќе од едукација - тоа беше влегување во светот на задоволствата и создавање незаборавни спомени.










*Вложуваме во образование ...*

# Учество на Финансискиот натпревар за анализа на водечки компании



Витаминка со гордост го поддржа традиционалниот Финансиски сметководствен натпревар, кој веќе 11 години ја поттикнува аналитичката извонредност и професионалниот развој на младите финансиски експерти.
На натпреварот учествуваа четири тима од Факултетот за бизнис економија и менаџмент, кои под менторство на проф. Душица Стевчевска Србиновска ги анализираа финансиските извештаи и перформанси на водечки компании, меѓу кои и Витаминка. Натпреварот овозможи темелна финансиска евалуација, идентификација на клучните фактори на успехот и предлози за стратегиски подобрувања.
Стручната комисија составена од истакнати експерти меѓу кои и Иван Стрезоски, директор на Финансии во Витаминка, го процени настапот на учесниците, а Витаминка како долгогодишен партнер на вакви иницијативи обезбеди поддршка за сите натпреварувачи, кои имаа можност да уживаат во нашите препознатливи производи.
Како компанија која вложува во развојот на млади таленти, Витаминка останува посветена на поддршката на вакви едукативни натпревари кои го поврзуваат академскиот и бизнис секторот, создавајќи нови можности за идните финансиски професионалци.

*Фестивали и спонзорства ...*

# Витаминка со новогодишна донација за децата во болницата Козле

Витаминка со гордост го поддржа традиционалниот Финансиски сметководствен натпревар, кој веќе 11 години ја поттикнува аналитичката извонредност и професионалниот развој на младите финансиски експерти.
На натпреварот учествуваа четири тима од Факултетот за бизнис економија и менаџмент, кои под менторство на проф. Душица Стевчевска Србиновска ги анализираа финансиските извештаи и перформанси на водечки компании, меѓу кои и Витаминка. Натпреварот овозможи темелна финансиска евалуација, идентификација на клучните фактори на успехот и предлози за стратегиски подобрувања.



Стручната комисија составена од истакнати експерти меѓу кои и Иван Стрезоски, директор на Финансии во Витаминка, го процени настапот на учесниците, а Витаминка како долгогодишен партнер на вакви иницијативи обезбеди поддршка за сите натпреварувачи, кои имаа можност да уживаат во нашите препознатливи производи.
Како компанија која вложува во развојот на млади таленти, Витаминка останува посветена на поддршката на вакви едукативни натпревари кои го поврзуваат академскиот и бизнис секторот, создавајќи нови можности за идните финансиски професионалци.



*Фестивали и спонзорства ...*

# „Best of“ турнејата на Каролина Гочева создаде магична атмосфера во Германија

Македонската пејачка Каролина Гочева успешно ја заврши својата „Best of“ турнеја во Германија, организирана од „Авалон“ и „Legacy Event“. Таа настапи во шест германски града пред преполни сали, изведувајќи двочасовен концерт со најголемите хитови од нејзината кариера. Овој настап беше продолжение на пролетната турнеја низ Македонија, која започна на 1 март во Скопје.
Турнејата во Германија привлече многу Македонци од дијаспората, а концертите беа исполнети со одлична атмосфера. Публиката ја поздравуваше Каролина со стоечки овации, а таа со својот бенд го создаде уникатниот магичен амбиент.
Особено значајна беше поддршката од страна на Витаминка, која долгогодишно ги поддржува македонските уметници и ја направи оваа турнеја уште попосебна. Витаминка го дополни уживањето на посетителите на концертите со делење Стоби Флипс.
Каролина, со својата енергија и професионализам, успеа да создаде незаборавна атмосфера на сите концерти, оставајќи траен печат во срцата на нејзините обожаватели.
Турнејата беше значајно културно искуство, кое ги спои Македонците од дијаспората со својата музика и емоции, потврдувајќи дека Каролина Гочева останува една од најголемите музички ѕвезди во Македонија и надвор од неа.






STOBI
FLIPS






STOBI
FLIPS


STOBI
FLIPS

*Витаминка и спортот ...*

# Долгоочекуваната Бизнис лига во Еврогол Арена со актуелни, поранешни и идни фудбалски ѕвезди

На крај на 2024 година во декември започна турнирот во мал фудбал организиран од елитната Бизнис лига во Прилеп а одржуван во Еврогол Арената. Витаминка има чест да биде дел од оваа спортска атрактива со спонзорство на настанот што ги поттикнува и им дава шанса на луѓето од сите години што се љубители на фудбалот и со сопствен тим.




Ова е одлична прилика за фудбалери кои сакаат да се истакнат и да ги покажат своите вештини со надеж да можат да ја воодушеват јавноста и потенцијални скаути. Форматот на турнирот се одржува секоја недела, и тимовите содржат по 5 играчи + 1 голман. Тимот на Витаминка е составен од 12 играчи, љубители и ентузијасти за мал фудбал. Тоа се Ангелчо Патоски, Кире Јовески, Васко Наумоски, Бојан Стојкоски, Александар Костадиноски, Давид Велески, Александар Чешелкоски, Борис Илиски, Филип Шафкулоски, Диме Трајчески, Мартин Ангелески. Тие заедно со другите тимови имаат шанса да се натпреваруваат, да се забавуваат и заедно да го прават тоа што најмногу го сакаат, а тоа е класичниот мал фудбал во сала.

Среќни сме и се надеваме дека ќе сме дел од уште повеќе вакви турнири коишто ги спојуваат фудбалерите од сите градови во Македонија и уште придонесуваме за продолжување на прилепската фудбалска традиција.



ВИТАМИНКА

# НОВИ ВКУСОВИ



ВИТАМИНКА®

www.vitaminka.company

# ATLANTIS

## Слатко внимание за секој ден, за секоја жена!

